МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# ПРАКТИЧНА НАСТАВА

**II година**

## *ЗДРАВСТВЕНА СТРУКА*

***физиотерапевтски техничар***

Скопје,  2006 година

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет: *ПРАКТИЧНА НАСТАВА***

**1.2. Образовен профил и струка**

**1.2.1. Образовен профил: *физиотерапевтски техничар***

**1.2.2. Струка: *здравствена***

**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**

**1.3.1. Практична обука**

**1.4. Година на изучување на наставниот предмет**

**1.4.1. *Втора година***

**1.5. Број на часови на наставниот предмет**

**1.5.1. Број на часови неделно: 5 часа**

**1.5.2. Број на часови годишно: 180 часа**

**1.6. Статус на наставниот предмет**

**Задолжителен предмет**

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по ***практична настава*** ученикот стекнува знаења и вештини и се оспособува:

- да ја **познава** организацијата на здравствената дејност и основните принципи на здравствената заштита и работните обврски на физиотерапевтскиот техничар;
- да **спроведува** следење и нега на болниот;
- да ги **познава** основните методи на масажа;
- да **применува** основни принципи на здравствена нега;
- да го **приготвува** материјалот за предвидените медицински манипулации;
- да **ракува** со основните апарати, инструменти и другите средства за работа;
- да **препознава** масажа како терапија со индикации и контраиндикации;
- да **изведува** основни техники и зафати за масажа;
- да **врши** помошни операции на масажа со помош на апарат;
- да **препознава** сакани и несакани ефекти од примената на одделен вид масажа;
- да **негува** професионален однос во работата и да ги познава и почитува етички норми во односот со пациентите;
- да **следи** инструкции на лекар во однос на примена на масажа во зависност од други видови терапии и лекувања;
- да **развива** вештини и техники на комуникација и тимска работа.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на зацртаните цели, потребни се предзнаења од наставните предмети анатомија, физиологија, хигиена со здравствено воспитување и биологија изучувани во прва година.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС
### 4.1. Структурирање на содржините за учење
### Подрачје 1: ОСНОВИ НА НЕГА (72 часа)

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНАТА ДЕЈНОСТ И УЛОГАТА И ЗНАЧЕЊЕТО НА ФИЗИОТЕРАПЕВТСКИОТ ТЕХНИЧАР** | 6 | ***Ученикот:***<br><br>- да го **познава** функционира-њето на здавствената заштита во практиката и карактеристиките на стационарната здравствена организација;<br>- да ја **согледува** организациската поставеност на здравствената заштита и нега;<br>- практично да го **запознава** полето на работа на физиотерапевтскиот техничар;<br>- да **евидентира** и **средува** согледувања од практичната настава во личниот дневник за работа;<br>- да ја **познава** основната медицинска документација. | ***Посета*** на здравствени установи од примарната секундарната и терциерната заштита.<br><br>***Дискутирање и видеопрезен-тации*** за улогата, значењето, работните обврски, изгледот и односот на физиотерапевтскиот техничар.<br><br>*Изработување* на шеми и други графички матријали.<br><br>***Водење*** дневник на активностите за практична настава. | Сите тематски Целина (1-10) се во непосредна корелација со тематсктие целини од теоретската настава застапени во предметот основи на нега. |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **2. КАРАКТЕРИСТИКИ НА БОЛНИЧКИ ОДДЕЛ, ТЕРАПЕВТСКИ ОДДЕЛИ И СОБА ЗА ИНТЕРВЕНЦИИ** | 12 | ***Ученикот:***<br>- да ги **воочува** стандардите за болничката соба, одделни терапевтски оддели и собата за интервенции и мебелот во нив;<br><br>- да ја **мести** болничката постела и облека;<br><br>- да го **подготвува** потребниот материјал за местење на болничката постела;<br><br>- да **користи** техники при местење на болничка постела и болниот во постелата во зависност од состојбата на болниот;<br><br>- да **врши** постапки за подготовка на лекарска визита. | ***Разгледување*** на стандарди за болничка соба, постела и облека.<br><br>- ***Местење*** на болничка постела и менување на делови од постелата, диплење на постелата и облеката.<br><br>- *Демонстрирање* на снимки и други прилози за лекарска визита.<br><br>**- *Симулирање*** на ситуации.<br><br>**- *Пополнување*** на ученикот во дневикот за практична настава. | |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **3. ПРИЕМ И ПРЕСТОЈ НА ПАЦИЕНТОТ** | 12 | ***Ученикот:***<br><br>- да **применува** постапки за медицинско – административен прием (во болница, за терапија или друга интервенција);<br><br>- да **пополнува** медицинска документација;<br>- да **применува** постапки за помош при пренесување и местење на болниот во постела;<br>- да **води** комуникација со болниот за стекнување на меѓусебна доверба и поттикнување на позитивна атмосфера и сон на болниот во болницата;<br><br>- да **препознава** психолошки последици кај болниот од несоодветниот прием; | **-** *Пополнување* на медицински формулари.<br><br>-*Поставување* на болен во одредена положба и пренос на болен (демонстрација на фантом).<br><br>- *Посета* кај пациенти со последици од физички неудобности. | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да **поседува** вештини за упатување на болниот во болничкот ред и однос во болницата;<br><br>- да **изведува** постапки за местење и пренесување на болен во постела во зависност од здравствената состојба;<br><br>- да ги **идентификува** навремено појавите на физички неудобности кај пациентот;<br><br>- да **применува** постапки за превенција од физички неудобности;<br><br>- да **познава** правила на постапност во работата. | **- *Симулирање*** на ситуации за изградување на вештина на комуникација. | |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **4. МЕРКИ ЗА ХИГИЕНОТЕХНИЧКА И ПРОТИВ ЕПИДЕМИОЛОШКА ЗАШТИТА** | 6 | ***Ученикот:***<br><br>**- да подготвува** и **користи** дезинфекциони средства;<br><br>- да **подготвува** инструменти и апарати за дезинфекција и стерилизација;<br><br>- да **применува** постапки на дезинфекција и стерилизација;<br><br>- да **ракува** со апаратите за стерилизација;<br><br>- да **познава** и **применува** норми на заштита и самозашита; | - *Демонстрирање* на подготовка за работа и користење на соодветни заштитни средства.<br><br>- *Подготовување* на дезинфекциони раствори.<br><br>- *Подготовување* на апарати и инструменти за дезинфекција и стерилизација.<br><br>- ***Изведување*** на постапка на стерилизација и контрола.<br><br>- ***Дискутирање*** за можни недоследности при спроведувањето на методите. | |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **5. ПРИСТАП ПРИ ОПСЕРВАЦИЈА НА БОЛЕН** | 12 | *Ученикот:*<br><br>- да **опсервира** и навеeремено да **препознава** појава на карактеристични симптоми;<br><br>- да **ракува** со апарати за мерење на витални знаци и да ги познава нивните карактеристики;<br>- да **препознава** карактеристични температурни криви;<br><br>- да **изведува** техники за мерење на виталните знаци;<br><br>- да ги **евидентира** податоците за виталните знаци во темпера-турната листа и во личниот дневник за работа. | - *Видеопрезентација* од опсервирање и ***дискутирање.***<br><br>**- *Демонстрирање*** на апарати за мерење на витални знаци (апарат за мерење на притисок и термометар) и техники за мерење и бележење.<br><br>- *Мерење* на температура, притисок, пулс и дишење (број на респирации) со учениците и *евидентирање* на податоците.<br><br>- *Читање* на податоци од графички приказ на карактеристични темпера-турни криви и подготовка на температурни листи. | |

| **Тематски целини** | **Број на часови** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите** |
|---|---|---|---|---|
| **6. ПОДГОТОВКА И РАКУВАЊЕ СО ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ** | 18 | *Ученикот:*<br><br>- да ги **познава** принципите на дисмургијата;<br><br>-да **приготвува** преврзочен материјал и материјал за изолација на електроди;<br><br>- да **применува** еластичен завој за бандажирање;<br><br>- да **изведува** преврски на одделни делови од телото;<br><br>- да **поставува** имобилизација со лонгети и апарати. | - *Подготовка* на преврзочен материјал.<br><br>- *Изведување* на преврски.<br><br>- *Поставување на:*<br>- лонгети;<br>- митела;<br>- ортоза;<br>- протези.<br><br>- ***Бандажирање*** на долни екстремитети при ампутации. | |

| ТЕМАТСКИ ЦЕЛИНИ | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **7. ОДДЕЛЕНСКА АПТЕКА И ТЕХНИКА НА АПЛИКАЦИЈА НА ЛЕКОВИ** | 6 | *Ученикот треба*:<br>- да **познава** постапки за требување и чување на лекови;<br><br>- да ги **идентификува** облиците на лековите и нивното означу-вање;<br><br>- да **познава** техники за апликација на лекови (интрадермално, супкутано, интрамускулно, интравенозно);<br><br>- да **негува** позитивен однос кон болниот при манипула-ции со лековите и професионален однос во работата со лекови. | - *Пишување, правење и читање* на збирни рецепти.<br><br>- *Означување и чување* на лекови во приручна аптека.<br><br>**- *Подготвување*** на материјал за апликација на лекови.<br><br>- *Апликација* на лекови на фантом. | |

**Подрачје 2: МАСАЖА (108 часа)**

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. КАБИНЕТОТ ЗА МАСАЖА И ПОДГОТОВКИ НА МАСЕРОТ И ПАЦИЕНТОТ** | 6 | *Ученикот треба:*<br>- да ги **познава:**<br>- стандардите за просторот и опремата на кабинетот (просторијата) во која се изведува масажата;<br>- функционалното распоредување на инвентарот во просторијата;<br>- правилата за изгледот (во однос на облеката и деловите од неа) и односот (во однос на комуникацијата), личен и на пациентот пред и за време на масажата;<br>- да **спроведува** постапки за лична подготовка и подготовка на болниот за масажа. | - *Демонстрирање* на: слајдови и фотографии и слично за просторот и опремата на кабинет за масажа.<br><br>- *Престој* во кабинет за масажа. Запознавање со инвентарот и апаратите.<br><br>***- Симулирање*** на ситуации за односот на релација пациент - масер.<br><br>- *Пополнување* на дневникот од практичната настава. | Сите содржини се во корелација со содржините од предметот МАСАЖА, а се користат и пред-знаењата од предметот основи на нега. |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **2. ТЕХНИКИ НА ИЗВЕДУВАЊЕ НА МАСЕРСКИ ЗАФАТИ** | 30 | ***Ученикот:***<br><br>- да ги **познава:** начинот на изведување, правецот на движење на рацете и интензитетот на притискање при масерските зафати;<br><br>- да **изведува** масерски зафати*:* ***мазнење:*** праволиниско, кружно и во цик-цак линија;<br>***триење:*** со јагодицата на прстите, со дланката на шепата и со отворена шепа;<br>***гмечење:*** со една рака, со двете раце, со јагодицата од прстите и со истегање на мускулите;<br>***чукање:*** со воларниот дел од шепата и со јагодиците од прстите;<br>***вибрациони бранови****:* вибрации со цела шепа и вибрации со јагодиците од прстите; | ***Набљудување*** на изведување на масерски зафати од масер на пациент.<br><br>- Меѓусебно ***изведување*** на одделни масерски зафати.<br><br>- ***Изведување*** на масерски зафат врз пациент.<br><br>- *Пополнување* на дневникот од практичната настава. | Сите содржини се во корелација со содржините од предметот МАСАЖА. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - да ги **познава** условите што треба да ги исполнуваат пациентот и масерот за да се спроведе масажата;<br><br>- да **избира** контактно средство (масти, лосиони, пудер, креми и др.) за спроведување на масерските зафати;<br><br>- да **направи** подготовки (на просторот, опремата и пациентот) за изведување на определен масерски зафат;<br><br>- да **следи** венски и лимфен тек во мускулите;<br><br>- да **воочува** промени на телото кај пациентот за време на масажата. | | |
| **Тематски целини** | **Број на часови** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите** |
| **3. ТЕХНИКИ НА ИЗВЕДУВАЊЕ НА МЕЃУЗАФАТИ** | 24 | ***Ученикот:***<br><br>- да ги **познава:** начинот на | ***Набљудување*** на изведување на меѓузафати од | Корелација со содржините од предметот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | изведување, правецот на движење на рацете и интензитетот на притискање при изведување на меѓузафати;<br><br>- да **изведува** техники на меѓузафати:<br>***валање;***<br>***распресување;***<br>***набирање на кожата;***<br>***штипкање;***<br><br>- да го **познава** редоследот на постапките за изведување на определен меѓузафат;<br><br>- да **прави** подготовки (на просторот, опремата и пациентот) за изведување на определен меѓузафат.<br><br>- да **следи** венски и лимфен тек и на мускулите;<br><br>- да **изведува** определени меѓузафати. | масер врз пациент.<br><br>**Работа во парови:**<br>- практична изведба на одделни меѓузафати (ученик – ученик или ученик – масер).<br><br>- ***Индивидуално изведување*** на меѓузафат врз пациент.<br><br>- *Пополнување* на дневникот од практичната настава. | МАСАЖА. |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| 4. **МАСАЖА НА ОДДЕЛНИ ДЕЛОВИ НА ТЕЛОТО** | 24 | *Ученикот треба:*<br>- да го **познава:**<br>- редоследот на спроведу-вање на масажата на делови на телото: нога (стапало, скочен зглоб, потколеница, колено, натколеница, колкови и глутеална регија);<br>рака ( шака, подлактица, лакт, надлактица и рамо);<br>- анатомска градба (мускули, крвни и лимфни садови и нерви) на делови на телото;<br><br>- да **прилагодува:**<br>- зафати за масажа, правецот на движење на рацете и интензитетот на притискање;<br>- контактни средства за масирање со соодветен | ***Набљудување*** на изведување на меѓузафати од масер врз пациент.<br><br>- ***Изведување*** на одделни меѓузафати (ученик – ученик или ученик – масер).<br><br>- ***Изведување*** на меѓузафат врз пациент.<br><br>- *Пополнување* на дневникот од практичната настава. | *Анатомија:*<br><br>Анатомија на одделните делови на телото. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | дел на телото;<br><br>- да **изведува** основни масерски зафати на одделни делови од телото;<br><br>- да **поврзува** вид на масажа со дел од телото и зафатот на рацете;<br><br>- да се **упатува** во воочување на промени (што не се физиолошки) на делот од телото што го масира. | | |
| **Тематски целини** | **Број на часови** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите** |
| **5. СПОРТСКА И КОЗМЕТИЧКА МАСАЖА** | 6 | ***Ученикот:***<br>- да ги **познава:**<br>- основните карактеристики на козметичката и на спортската масажа;<br>- видовите на масажа кои се користат кај спортистите (мазнење и триење) и обележјата на масажата пред и по тренингот: | ***Организирање*** на посета на спортско - рекреативен центар, козметички салон и слично и ***набљудување*** на*:*<br>- масажа кај спортисти пред и по тренинг;<br>- козметичка масажа.<br><br>***Интервјуирање*** на масери | *Хигиена и здравствено воспитување* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - начинот на изведување на масажата кај спортистите;<br>- редоследот во масирањето на одделни делови од телото. | во наведени институции. | |
| **Тематски целини** | **Број на часови** | **Конкретни цели** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите** |
| **6. ОПШТА МАСАЖА** | 6 | ***Ученикот:***<br>- да ги **познава:**<br>- целта, функција и карактеристиките на општата масажа;<br>- значење на почетната положба при масирањето<br>- видовите на зафати и меѓузафати кои се применуваат при општата масажа;<br>- начинот на изведување на масажата и редоследот во масирање на одделни делови од телото. | ***Набљудување*** на практицирање на општа масажа од страна на масер.<br><br>- ***Изведување*** на општа масажа. | **Масажа** |

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **7. ВОНМАНУЕЛНИ ФОРМИ НА МАСАЖА** | 12 | ***Ученикот:***<br>- да **познава:**<br>- вибрационен масажен апарат (принцип на работа, начин на користење, идикации и контраиндикации);<br>- апарати за масажа со намален притисок (принцип на работа, начин на користење, идикации и контраиндикации од користење на апаратот);<br>- апарати за подводна масажа (принцип на работа, начин на користење, идикации и контраиндикации од користење на апаратот);<br>- криомасажа (подготовка на мразот и рацете на масерот, начин на изведување, дозирање | ***Набљудување*** на практицирање на масажа од страна на масер со определен апарат за масажа.<br><br>***Воочување*** на принцип на работа на определен апарат.<br><br>- ***Изведување*** на масажа со апарат. | **Масажа** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | и време на траење, индикации и контраиндикации;<br><br>- да **воочува** разлики во изведувањето на техниката на мануелните и вонмануелните масажи;<br><br>- да е **упатен** во можните несакани ефекти и промени кај пациентот за време на масажата. | | |

## 4.2. Наставни методи и активнсоти на учење

Според зацртаните цели на наставната програма за предметот ПРАКТИЧНА НАСТАВА**,** наставата ќе се реализира преку: насочена дискусија, демонстрација, учење преку сопствено откривање, објаснување, практични активности и др.

**Активности на ученикот**: слуша, прибележува, набљудува, покажува, применува, објаснува, поставува прашања, самостојно открива, вежба, дискутира, стекнува вештини, изградува ставови, спроведува соодветни постапки при одредени манипулации.

**Активности на наставникот:** планира, организира, демонстрира, објаснува, дава инструкции, поставува прашања, дава инструкции и коригира, согледува достигнувања, воспоставува позитивна педагошка комуникација .

### 4.3. Организација и реализација на наставата

Наставниот предмет практична настава е застапен со 5 часа неделно во две полугодија. Наставата од овој предмет треба да биде во корелација со наставата од наставните предмети основи на нега и масажа.

Програмата опфаќа две подрачја. Првото, основи на нега, е застапено со неделен фонд од 2, а второто подрачје со неделен фонд од 3 часа. Наставата се реализира со делење на паралелката во две групи. Може да се реализираат блокови од 4, односно 6 часа, соодветно за секое од наведените подрачја, секоја втора недела, за секоја од групите ученици (или пак секоја недела по 2, односно 3 часа, зависно од условите).

.

### 4.4. Наставни средства и помагала

Ефикасноста на реализацијата на содржините од наставната програма, е условена со користење на компјутер, графоскоп, слики, шеми, постери, модели, фантоми, апарати за масажа и други нагледни средства.

За поуспешно совладување на целите на наставната програма се користи соодветна литература, и тоа:

- учебник по наставниот предмет;
- наставен материјал подготвен од страна на наставникот;
- дополнителна литература за наставниците;
- стручна литература од областа на физиотерапијата и масажата;
- кодексот на етика на здравствените работници;
- литература од областа на дидактиката.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши континуирано во текот на целата учебна година. Во едно полугодие ученикот треба да има најмалку две (2) оценки. Во оценката партиципираат со соодветна процентуална застапеност двете подрачја. Се вреднуваат практичната оспособеност и познавања на ученикот, односот кон работата и дневникот за работа. Оценувањето е јавно.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Покрај условите пропишани со Законот за средно образование, наставникот треба да ги поседува следниве персонални, професионални и педагошки карактеристики: да е физички и психички здрав, да е комуникативен, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен и подготвен за примена на иновациите во воспитно – образовната работа.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по предметот ја реализираат кадри со завршени студии по:
- медицина – специјалистички студии по физикална медицина и рехабилитација;
- медицина.

Наставниците треба да имаат педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

### 6.3. Стандард за простор и опрема

За реализација на предвидените активности во прогрмата ќе се користи специјализирана училница – кабинет, опремена со наставни средства и помагала согласно Нормативот и престој во соодветни институции.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА ПРОГРАМАТА

**7.1. Датум на изработка:** мај 2006 година

**7.2. Состав на работната група**

1. д-р Велика Лабачевска, Завод за физикална медицина и рехабилитација - Скопје
2. Гордана Донева Атанасоска, советник во Бирото за развој на образованието
3. д-р Јулија Бужаровска, Амбуланта „Вива” – Скопје

4. д-р Данка Гиговска, професор, ДСМУ „Д-р Панче Караѓозов" – Скопје
5. Советници од Секторот за стручно образование и обука

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**Датум на започнување: 01.09.2006 година**

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програмата по предметот **ПРАКТИЧНА НАСТАВА** ја одобри министерот за образование и наука со решение бр.07. 3851/26 од 29. 06. 2006 година.